Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-53/2
09.07.2021 год.
СКОПЈЕ

До
[redacted], Битола

Од
Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ул. Даме Груев бр. 1
Скопје

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани, на 08.04.2021 година до Комисијата за заштита од дискриминација од Ваша страна е доставена претставка заведена под бр. 0801-53, поднесена против Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина при Локалната самоуправа на општината Битола.

После разгледувањето на вашата претставка и списите од вашиот предмет ве информираме дека рокот за поднесување на претставката не е запазен, односно **претставката е застарена согласно член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој предвидува дека претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот на сторување на повредата.

Заради горенаведеното ве известуваме дека претставката бр. 0801-53, поднесена на 08.04.2021 година од ваша страна против Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина при Локалната самоуправа на општината Битола, **СЕ ОТФРЛА поради непочитување на законско-предвидениот рок согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

Дополнително, доколку подносителот смета дека му е повредено правото на правично судење и судење во разумен рок, се препорачува да ги искористи механизмите достапни во форма на поднесување претставка за работата на јавните обвинители до Советот за јавни обвинители или во форма на вонредни правни лекови.

Член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Исмаил Камбери

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје